„Зарем денес немате храна и пијалак колку што ќе посакате? Го сретнав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, во состојба кога тој немаше можност да се најаде дури ни со неквалитетни урми

Нуман бин Бешир, Аллах нека е задоволен со него, рекол: „Зарем денес немате храна и пијалак колку што ќе посакате? Го сретнав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, во состојба кога тој немаше можност да се најаде дури ни со неквалитетни урми."

[صحيح] [رواه مسلم]

Нуман бин Бешир, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, ги потсетувал луѓето на благодатите што ги уживаат, истакнувајќи дека секогаш имаат храна и пијалак колку што ќе посакаат. Потоа им ја опишал состојбата на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, кој понекогаш немал ни неквалитетни урми доволно за да го засити својот стомак од глад.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/4244